РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2119/2
23-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-та седница одржана на 20.07.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата со број 12-2119/1 од 02.06.2026 година, со наводи за неправилности при продажба на парцели за гробни места, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што во доставената пријава нема наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавни овластувања и службена должност и изнесените наводи не даваат основ за поведување било каква постапка за што ДКСК е надлежна согласно Законот.

Предметот со број 12-2119/1 од 02.06.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител на ден 02.06.2026 година, поднесена е пријава со наводи за сомневања за неправилности при продажба на парцели за гробни места од страна на Црквата „--. --------“– ------------, по која е оформен предмет број 12-2119/1 од 02.06.2026 година.

По разгледувањето на пријавата, ДКСК констатира дека во предметниот случај станува збор за парцели кои се наоѓаат на имот кој се наоѓа во сопственост на Македонската православна црква - Црква „--. -------“– -----------, а во доставената пријава се содржани општи наводи, без посочување на конкретни личности и активности и нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност и

утврди дека изнесените наводи во пријавата не даваат основ за поведување било каква постапка за што ДКСК е надлежна согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б., Советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk